Македонија

**МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА
НУМЕРИРАЊЕ НА АРТИКЛИТЕ - GS1 МАКЕДОНИЈА**

# СТАТУТ

**НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА
ЗА НУМЕРИРАЊЕ НА АРТИКЛИТЕ - GS1 МАКЕДОНИЈА**

Јануари 2006 година
Скопје

## II. ЦЕЛИ НА GS1 Македонија

Член 7

Цели на GS1 Македонија се:

- воведување, применување и развој на меѓународниот систем GS1 и на меѓународните мултисекторски стандарди, принципи, правила, кои се значајни чинители на електронското работење и автоматската идентификација, во разни сектори, области и гранки, особено во производството и трговијата, а со цел поефикасно и порационално работење и зголемување на меѓународната размена и извозот.

## III. ДЕЈНОСТ

Член 8

Дејноста на GS1 Македонија е:

- зачленување во GS1 Македонија на стопански и правни субјекти од разни дејности, области и сектори;
- доделување GS1 броеви за идентификација на корисниците на GS1 системот;
- преземање, прифаќање, изучување, приспособување и давање на користење на своите членки на единствените меѓународни правила, стандарди, шифри и симболи на GS1 системот;
- воведување, применување и развој на мултисекторските стандарди за нумерирање и симболизација, како и на други стандарди од GS1 системот во Репулика Македонија, заради автоматска идентификација, електронско работење и размена на информации (GS1 EANCOM, GS1 eCOM, GS1 EDI);
- промоција на системот;
- преведување на најважните меѓународни стандарди и упатства;
- подготовка на упатства, прирачници, брошури и сл. материјали за членките;
- образование на кадрите, преку организирање семинари, тренинг-обуки, советувања и други форми;
- создавање единствен систем на информирање и деловна комуникација;
- создавање и оддржување на базата на податоци за членките во форма на регистар;
- претставување и застапување на интересите на нејзините членки во Меѓународната асоцијација GS1;
- соработка со сродни странски органи и организации;
- учество во меѓународни проекти и програми во врска со примената и развојот на GS1 системот;

- поттикнување на техничко-технолошкото осовременување на работењето кај членките;
- давање помош на членките за коректно означување со GS1 симболот;
- експанзија и освојување на сите сектори и простори каде што е можна примената на единствените меѓународни стандарди и GS1 системот;
- заштита на правата, стандардите и GS1 системот;
- обезбедување финансиско-материјален основ и средства за остварувње на целите;
- одземање на GS1 бројот на членка чие членство престанало во GS1 Македонија;
- извршување на сите други работи за успешно воведување, применување и развој на GS1 системот во Република Македонија, а со цел зголемување на ефикасноста и рационалноста во деловното работење и извозот.

За измените на дејноста одлучува Собранието на GS1 Македонија.

## IV. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО GS1 МАКЕДОНИЈА

### IV.1. Зачленување

Член 9

Членки на GS1 Македонија можат да бидат субјектите од членот 1 на овој Статут.

Членството во GS1 Македонија се стекнува со потпишување пристапница за членство, прифаќање на одредбите на Статутот на GS1 Македонија, потпишување Договор за членување, уплата на пристапнина и членарина за тековната година.

Член 10

Со стекнување на членството, на членката на GS1 Македонија ѝ се доделува GS1 број во писмена форма и се даваат потребни упатства за примена на стандардите и GS1 системот.

Членките на GS1 Македонија можат да бидат со или без GS1 број.

Член 11

Членките на GS1 Македонија ги имаат следните права и обврски:

- да добијат и во своето работење да ги користат GS1 бројот и стандардите;
- да добијат информации и стручни упатства од оваа област;
- да предлагаат свои претставници во органите и телата на GS1 Македонија;

- да даваат иницијативи и предлози за унапредување на GS1 системот во Република Македонија;
- да остваруваат и други права и обврски во GS1 Македонија од областа на системот;
- да ги почитуваат Статутот, Договорот, и одлуките на органите на GS1 Македонија кои се однесуваат на нив;
- да се придржуваат на правилата и на стандардите на GS1 системот;
- редовно да плаќаат годишна членарина;
- при изработката на шифрата и симболот на бар кодот секој од учесниците во својот дел од работата да обезбеди услови за читливост на симболите;
- да го користат доделениот GS1 број само во рамките на своето работење;
- да не дозволат користење на својот GS1 број или да го отстапат на друга компанија во која било форма;
- писмено да ја информираат GS1 Македонија за сите промени на дадените податоци при зачленувањето;
- да даваат информации за користење на своите GS1 броеви;
- по престанокот на членството, писмено да го откажат и да го вратат доделениот GS1 број;
- да ги поднесат последиците доколку со своето работење предизвикаат штета на GS1 системот.

### IV.2. Престанок на членството

Член 12

Членството во GS1 Македонија престанува:

- доколку членката престане да постои;
- доколку членката не ја плати членарината за две години;
- ако престане соработката, односно се изгуби контакт со членката повеќе од две години;
- доколку членката своеволно се откаже од членството;
- доколку GS1 Македонија ја исклучи членката.

Член 13

Доколку членката престане да постои заради статусни промени (поделба, соединување), правниот наследник останува членка на GS1 Македонија, освен ако не ја извести GS1 Македонија дека го откажува членството.

Правниот наследник е должен во рок од месец дена да ја извести GS1 Македонија за новата фирма и да ги достави сите потребни податоци, заради евидентирање на членството наместо членката која престанала да постои.

Доколку правниот наследник не постапи според став 2. на овој член, му престанува членството во GS1 Македонија, а доделениот GS1 број се повлекува и се применуваат правилата за заштита на GS1 системот.

Член 14

Членството во GS1 Македонија престанува и членката се брише од евиденцијата на членки, доколку членката не ја плати членарината за две години, или по истекот на две години од прекинот на секоја соработка и контакт со членката.

### IV.3. Откажување на членството

Член 15

Членката на GS1 Македонија може да го откаже членството во GS1 Македонија за што поднесува отказ во писмена форма.

Членството во GS1 Македонија престанува по истекот на рокот од три месеци од приемот на отказот.

Членката која го откажала членството во GS1 Македонија одговара за преземенети обврски кон GS1 Македонија сé до нивното извршување, независно од истекот на отказниот рок.

### IV.4. Исклучување од членството на GS1 Македонија

Член 16

Членката се исклучува од членството на GS1 Македонија доколку:

- не ги почитува Договорот, Статутот, одлуките на Собранието и на Управниот одбор на GS1 Македонија;
- го повреди угледот на GS1 Македонија во земјата и во странство;
- работи спротивно на правилата и стандардите на GS1 системот.

Одлуката за исклучување на членката ја донесува Управниот одбор.

Исклучената членка може да поднесе жалба до Собранието, во рок од 15 дена од денот на исклучувањето.

### IV.5. Правила по престанок на членството

Член 17

По престанок на членството по кој било основ, членката ги задржува правата и обврските до крајот на годината во која е исклучена.

За престанок на членството GS1 Македонија го известува Државниот пазарен инспекторат кој е задолжен да преземе законски мерки за заштита на кодовите, согласно член 2, став 2, алинеја 8 од Законот за пазарна инспекција (Службен весник на РМ, бр.35/97), што се однесуваат на неовластено користење на броевите за кодирање на производите и услугите.

По истекот на три години од престанок на членството, GS1 Македонија може да го додели одземениот GS1 број на друга членка.

Членката која е исклучена заради непочитување на Договорот, Статутот и на GS1 стандардите, може повторно да биде примена во членство на GS1 Македонија, со одлука на Управниот одбор.

## V. ЧЛЕНСТВО НА GS1 МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 18

GS1 Македонија како членка на Меѓународната асоцијација GS1 со седиште во Брисел, заради остварување на своите цели и задачи, може да биде членка и на други меѓународни и домашни организации, за што Одлука донесува Собранието на GS1 Македонија.

## VI. ОРГАНИ НА GS1 МАКЕДОНИЈА

Член 19

GS1 Македонија ги има следните органи на управување:

- Собрание;
- Управен одбор; и
- директор.

### VI.1. Собрание

Член 20

Собранието на GS1 Македонија има 31 член.

Членовите на Собранието се избираат за време од 4 години, со можност за повторен избор.

Член 21

Собранието на GS1 Македонија ги има следните надлежности:

- го донесува Статутот на GS1 Македонија и неговите измени и дополнувања;
- донесува годишна програма за работа и финансиски план;
- усвојува извештај за спроведувањето на годишната програма и финансиски план на GS1 Македонија;
- од својот состав избира членови на Управниот одбор на GS1 Македонија;
- избира од својот состав претседател на Собранието на GS1 Македонија;
- решава по жалби за исклучување и бришење од евиденцијата на членки на GS1 Македонија, како и по жалби на други одлуки донесени од страна на Управниот одбор на GS1 Македонија;

- донесува други одлуки и врши други работи во рамките на своите надлежности.

Член 22

Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи претседателот на Собранието.

Мандатот на претседатолот на Собранието е 4 години.

Редовната седница на Собранието (Генерално собрание) се одржува најмалку еднаш годишно.

Член 23

Генералното собранието може полноправно да работи доколку се присутни мнозинството од вкупниот број членови на Собранието, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Член 24

Вонредно собрание се одржува според потребите, а се свикува на предлог на Управниот одбор на GS1 Македонија, претседателот на Собранието на GS1 Македонија, или на предлог на најмалку 16 членови на Собранието.

## **VI.2.** **Управен одбор**

Член 25

Управниот одбор е составен од 7 членови, вклучувајќи го и претседателот на Собранието GS1 Македонија.

Членовите на Управниот одбор се избираат за време од 4 години, со можност за повторен избор.

Претседателот на Собранието на GS1 Македонија е и претседател на Управниот одбор.

Член 26

Управниот одбор на GS1 Македонија:

- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието на GS1 Македонија;
- ги утврдува предлозите на актите што ги донесува Собранието;
- донесува финансиски одлуки за тековното работење на GS1 Македонија;
- ги утврдува и ги доставува до Собранието на усвојување програмата за работа, финансискиот план за наредната година, како и извештајот за работа и финансискиот извештај за претходната година;
- ја утврдува висината на пристапнината и годишната членарина;
- го именува и го разрешува директорот на GS1 Македонија;

- назначува овластен ревизор да изготви годишен ревизорски извештај за финансиското работење;
- води политика на омасовување на членството;
- одлучува за прием, исклучување и бришење од евиденцијата на членките;
- разгледува и усвојува примена на меѓународните стандарди;
- се грижи за коректна примена и заштита на прописите, стандардите и принципите на GS1 системот;
- формира работни групи, секции и други помошни органи;
- по потреба формира привремени работни групи за конкретни работни задачи;
- врши и други функции во согласност со политиката за унапредување на GS1 системот, GS1 Македонија и законските прописи.

Член 27

Управниот одбор поднесува годишни извештаи за својата работа и работењето на GS1 Македонија до Собранието на GS1 Македонија и со усвоените извештаи го запознава Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.

Член 28

Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба.

Управниот одбор може полноправно да работи доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови на присутните членови.

### VI.3. Директор

Член 29

Директорот на GS1 Македонија за својата работа одговара пред Управниот одбор на GS1 Македонија.

Директорот го организира и раководи со работењето на GS1 Македонија, со следните права и обврски:

- извршува стручни работи и дава стручна помош на вработените и на членките;
- подготвува програма за работа и финансиски план за наредната година;
- подготвува извештај за работа и финансиски извештај за изминатата година;
- подготвува програмски активности и развојни проекции за имплементација на GS1 системот и стандардите во Република Македонија;
- организира семинари, тренинзи и други едукативни форми за членките од областа на GS1 системот;
- подготвува стручни презентации и промоции на GS1 Македонија;

- присуствува на седниците на Управниот одбор и на Собранието на GS1 Македонија, без право на глас;
- одговорен е за подготовка на седниците, подготовка и реализација на одлуките и заклучоците на Собранието и на Управниот одбор;
- се грижи за наплата на побарувањата и измирување на долговите;
- учествува во работата на форумите и стручните состаноци организирани од Меѓународната асоцијација GS1, каде е потребно негово присуство, а по потреба и на Генералното собрание на Меѓународната асоцијација GS1.

## VII. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 30

Средствата за работа на GS1 Македонија се обезбедуваат од:

- пристапнина при зачленувањето;
- годишна членарина;
- спонзорство и донаторство;
- други извори.

Паричните средства на GS1 Македонија се водат на посебна сметка во Стопанската комора на Македонија.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Првото редовно Генерално собрание на GS1 Македонија го свикува претседателот на Стопанската комора на Македонија.

Член 32

Овој статут влегува во сила со денот на донесувањето а се објавува на WEB страницата на GS1 Македонија, во гласилото на Комората и на WEB-порталот на Комората.

Претседател,

Бр. 10-49/5
16.01.2006 год.
С к о п ј е

Бранко АЗЕСКИ